МЦМС Билтен

Се одржа петтиот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија

# ЦЕНТАРОТ Е ТАМУ КАДЕ ШТО СИ ТИ!

**Вкупно 228 граѓански организации се презентираа на НВО Саемот, од нив 19 беа од странство. Учесниците и посетителите имаа можност да присуствуваат на 60-тина панели, тркалезни маси, едукативни сесии, но и на бројни социокултурни настани. Саемот оваа година го посетија околу 8.700 граѓани.**

Централниот настан во граѓанскиот сектор, петтиот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија, оваа година се одржа од 9 до 11 декември 2005 година на Скопскиот саем. Мотото на Саемот оваа година беше „Центарот е таму каде што си ти", што ја одразуваше фоцус-темата – децентрализацијата. Фокус-земјата за овогодишниот НВО Саем беше Албанија. Саемот го организира Македонскиот центар за меѓународна соработка.

На отворањето на петтиот НВО Саем – Форум на граѓанското општество во Македонија се обрати Ерван Фуере, специјален претставник на Европската Унија и шеф на делегацијата на Европската комисија во Македонија: „Развиен граѓански сектор е индикатор за здраво општество, граѓанскиот сектор е партнер на владата во имплементацијата на европските одредби и на патот на Македонија кон Европа, но граѓанскиот сектор е и сектор којшто има успеси во борбата за човековите права, во борбата за подобри социјални услови во земјата, сектор којшто има успеси на полето на подобрување на образованието во Македонија", потенцира Фуере. Зборувајќи за децентрализацијата, на отворањето на НВО Саемот на присутните им се обрати и Аце Коцевски, градоначалник на Велес. „Со децентрализацијата државата ќе се откаже од дел од својата моќ, но граѓаните ќе треба да прифатат дека тие се моќ и одлучувачки фактор", истакна Коцевски. На присутните им се обрати и Лигор Никола, претседател на друштвото Албанско-македонско пријателство од Тирана, кој ја потенцира потребата од имплементација на договорите за меѓусебна соработка на Македонија и Албанија. Сашо Клековски, извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка, во своето обраќање ги потсети присутните дека во исто време започнуваат кампањата „Нула толеранција за корупцијата" и приватизацијата на Електростопанство на Македонија. „Овие настани се голем предизвик и граѓанскиот сектор да се вклучи активно во овие процеси и да се покаже на дело", потенцира Клековски, кој додаде дека не треба да се заборави дека 2005 година е и година во којашто почна Декадата на Ромите 2005-2015, како и дека сме на половина пат да се предложи првиот закон на иницијатива на граѓаните.

На отворањето на НВО Саемот, покрај претставниците на граѓанските организации, на деловниот сектор, претставниците на дипломатскиот кор и на институциите на државата, присуствуваше и претседателот на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски.



*НВО Саемот го посетија и учениците од основните и средните училишта*

## ИЗЛОЖБЕН ДЕЛ

Вкупно 228 граѓански организации ги презентираа своите активности на штандовите во изложбениот дел. Од нив, 19

### Во овој број:


- Центарот е таму каде што си ти
- Позитивното секогаш ќе биде пример за другите


продолжува на стр. 2

продолжува од стр. 1

организации беа од Албанија, од Косово (СЦГ) и од Киргистан. Граѓанските организации и овој пат ја покажаа целата своја инвентивност. Организирајќи ги своите промотивни материјали, ги презентираа резултатите од својата работа. На штандовите можеа да се видат не само летоци и брошури, не само постери и билтени, организациите ги презентитраа и своите вештини за односи со јавноста, подготвени да одговорат на сите прашања и да им се најдат на посетителите за сѐ што ги интересира. Активистите ги најдоа своите потенцијални партнери за идните проекти, ги искристализираа идеите за новите активности и можните соработки. „Саемот е добра можност да се воспостават контакти со други граѓански организации, да се комуницира и да се промовираат некои работи и да се споделат мислења", ни рече Ѓунер Небиу од организацијата Антико. „Познанствата ги проширивме, ги обновивме, воспоставивме и некои нови. Ова сигурно ќе придонесе кон нови соработки и нови мрежи пријателства и партнерства", додаде тој.

Петтиот НВО Саем го посетија околу 8.700 граѓани, од нив повеќе од 1.000 дојдоа од другите градови на Македонија со организираниот превоз што го субвенционира МЦМС. „Видов речиси сѐ. Мислам дека е доста интересно, има многу различни организации и различни теми", ни рече Урлике Екман, посетителка на Саемот. „Ова ми е првиот саем на НВО во Македонија и воопшто. Немам специјален интерес, дојдов да го видам Саемот и да стекнам впечаток за граѓанскиот сектор во Македонија. Видов доста интересни организации за коишто не сум ни знаела дека постојат. Би сакала да ја разгледам програмата и можеби ќе посетам некој од форумските настани", изјави таа.

Посетителите на НВО Саемот можеа да го посетат изложбениот дел, да посетат некои од форумските настани или, пак, од социокултурните настани. „Дојдовме дваесетина луѓе од организацијата", ни рече Енис Демири од организацијата „Сонце" од Тетово. „Имавме можност да видиме многу граѓански организации на едно место и да ги видиме нивните активности. Посетивме еден социокултурен настан, беше многу добро. Задоволен сум што денот го поминав тука. Добивме многу нови идеи коишто верувам ќе ги развиеме во нашта организација", рече тој.

## ФОРУМСКИ ДЕЛ

Во форумскиот дел на организациите и посетителите им беа понудени шеесетина настани, вклучувајќи панели, тркалезни маси, едукативни сесии, презентации и промоции. Иако најголем дел од панелите беа посветени на фоцус-темата, децентрализацијата, сепак не изостанаа и други теми. Заинтересираните можеа да учествуваат на панелите коишто се однесуваа на граѓаните во процесот на донесување одлуки, потоа на доброто управување со граѓанските организации, но и на улогата на граѓанското општество во обезбедувањето здравствени услуги и во обезбедувањето социјални услуги и превенција. Зинтересираните имаа можност да продискутираат како Македонија го гради својот бренд и што би можело да се направи за подобрувањето на брендот, а студентите разговараа за можностите за извршување стручна пракса за време на студирањето. Дискутирајќи за политичкиот менаџмент и инструментите за применета политика во земјите во развој и транзиција, присутните на панелот дискутираа за реформите и за тоа дали во Македонија има волја да се спроведат тие. И на овој саем на НВО не изостанаа темите за подигнување на свеста кај жените за рано откривање на ракот на дојката.

Форумските настани на овогодишниот саем на НВО ги посетија 1.060 граѓани.

Организациите од регионот имаа можност да се претстават и во форумскиот дел. Заинтересираните можеа да проследат по една презентација на организација од Албанија и од Киргистан, да учествуваат во работилницата којашто имаше гости од Албанија, од Хрватска, од Босна и Херцеговина, од Србија и Црна Гора и од Турција.

## ЗАДАЧИТЕ МОРА ДА СЕ ИСПОЛНАТ ДОКРАЈ, БЕЗ ОГЛЕД НА ОДГОВОРОТ

Што по 15 декември - беше централното прашање на панелот „Очекувајќи го одговорот на Европската Унија - 5 дена пред", кој го организира делегација на Европската комисија и Македонскиот центар за меѓународна соработка. „Пред една година се сомневавме дали може нашата администрација да одговори на европрашалникот и дали е доволно квалификувана, сега можеме да кажеме дека некои сомнежи биле оправдани, а некои не", рече на панелот Радмила Шеќеринска. „Аспирацијата за членство во ЕУ е многу племенита", рече Ербан Фуере, специјален претставник на Европската Унија и шеф на делегацијата на Европската комисија во Македонија. „Граѓанското општество и граѓанските иницијативи се многу значајни во Европската Унија, затоа соработката на владиниот и граѓанскиот сектор е една од круцијалните работи „ потенцира Фуере. „Да се исполнат копенхашките критериуми значи да ги подобриме условите за живот тука во Македонија, ние тоа не го правиме за другите, туку за нас самите„ додаде Слободан Чашуле, пратеник во Собранието на РМ. „Мора да се сфати значењето на граѓанската иницијатива, не мислам само на големи граѓански организации, мислам на група луѓе кои седнале, се договориле и изнашле заедничко решение", рече Сашо Клековски, извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка. „Ние мораме да научиме да разговараме. Ние сѐ уште сакаме моето решение да стане заедничко решение, тоа мора да го надминеме„ објасни Клековски. Панелистите се согласија во едно: оптимисти се во поглед на одговорот од Советот на Европската Унија, но каков и да биде тој, чекорењето на патот кон евроинтеграциите мора да продолжи.



Едно од најзначајните прашања се дискутираше и на НВО Саемот

## МЕЃУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА - ИЗВОР НА СТАБИЛНОСТ

Тркалезната маса „Локална демократизација и развој - меѓународни перспективи", оргaнизирана од страна на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и од Македонскиот центар за меѓународна соработка на првиот ден од НВО Саемот, преку излагањата на воведничарите на присутните им понуди можност да се запознаат со актуелностите во обезбедувањето средства од фондовите на Европската Унија, но и со практичното спроведување на проектите на теренот. Програмата за развој на земјите соседи се имплементира во периодот од 2004 до 2006 година преку постоечките програми КАРДС во Македонија и ФАРЕ во Бугарија, а во нејзиното реализирање на теренот се вклучуваат локалните власти, граѓанските здруженија, стопанските комори, универзитетите, фондациите, центрите за обука и сите културни институции. Во рамките на програмата во 2006 година е најавено реализирање на 3 главни соседски проекти, од кои 2 ќе бидат проекти за меѓугранична програма. При презентацијата на програмата е потенцирана отворената можност граѓанските организации да соработуваат со преставниците на нивните колеги преку границите и да се развиваат разни можности за соработка. Средствата од програмата ќе бидат достапни до 31.12.2009 година. „Постигнувањето безбедност во меѓуграничните подрачја е услов за отворање можност на економски развој, меѓусебни бизниси и проток на капиталот", истакна Криси Христ од Институтот Ист-вест, презентирајќи ги своите искуства од проектот во којшто се вклучени општините Гнилане, Прешево, Куманово и Трговиште, започнат во 2002 година.


*На НВО Саемот се говореше и за меѓуграничната соработка*

## ШТО ПО НВО САЕМОТ

„Дебатите не треба да бидат организирани само на Саемот, туку да се изнајде начин граѓаните што повеќе да бидат вклучени во вакви расправи и надвор од Саемот, а со тоа да добиваат многу повеќе информации за она што се случува во секторот, па и надвор од него", рече Роберт Рустем, еден од посетителите на НВО Саемот. Веројатно кон тоа би требало да се стремат граѓанските организации, комуникациите да ги интензивираат не само во времето додека трае НВО Саемот, туку и по него. Стекнатите искуства и новите идеи да ги развиваат и презентираат пред своите активисти, но и другите соработници во секторот и што е најважнно пред јавноста. Според посетителите, како граѓаните така и активистите на граѓанските организации, НВО Саемот создаде простор за размена на искуства и информации меѓу граѓанските организации во Македонија, но и со организации од регионот.

Сега им останува на граѓанските организации да ги искористат новите искуства и контакти.

Посета на позитивни примери

# ПОЗИТИВНОТО СЕКОГАШ ЌЕ БИДЕ ПРИМЕР ЗА ДРУГИТЕ

**Општината Лозово ја посетија претставниците на општините Могила, Старо Нагоричане и Желино**

Општината Лозово од 22 до 24 декември 2005 г. беше домаќин на претставниците на три општини – Могила, Старо Нагоричане и Ж елино. Домаќинот Јордан Павлов, градоначалник на Лозово, ги информира гостите за активностите во минатото и за тековните проекти во општината. Општината брои околу 3.000 жители и се простира на површина од 176 км2. Населението главно се занимава со земјоделство. Локалната самоуправа ја сочинуваат пет вработени и градоначалникот. Општината може да се пофали со добра инфраструктура. Градоначалникот Павлов, меѓу другото, рече дека „локалната самоуправа има реализирано повеќе од 15 проекти, од кои 6 се реализирани без помош на донатори, туку со придонес на населението и на општината. Соработката меѓу локалната заедница и бизнис-секторот тука не е на завидно ниво. Општинарите соработуваат со триесетина мали и средни претпријатија од општината. Носечка компанија е ИГМ 'Џумајлија', која вработува најголем дел од населението на општината".

Во текот на трите дена колку што траеше посетата, учесниците можеа видат и дел од реализираните проекти, како водоснабдување на селото Дорфулија, водоснабдување на с. Милино, пумпната станица во с. Ѓуземелци, регионалната пречистителна станица Лозово, како и ЈКП Лозово, ИГМ „Џумајлија" и Винарската визба АК „Џумајлија".

„Посетата беше многу корисна за нашата општина, бидејќи сме во фаза на формирање ЈКП. Впечаток ми остави фабриката за градежни материјали 'Џумајлија', што е голем капа-


*Учесниците на посетата беа информирани за постигнувањата на општина Лозово*

продолжува на стр. 4

продолжува од стр. 3

цитет за една ваква општина. Посетата е добро смислена и за размена на информации и искуства и со другите општини", ни кажа Ицо Велјановски од општината Могила.
Лазар Димитријевиќ од општината Старо Нагоричане рече дека „веќе четврти пат сме на една ваква посета и секогаш има нешто ново да се види или слушне. Да не присуствувавме на првите посети, можеби ќе ни претставуваше потешкотија. Гледајќи дел од активностите на општината, веќе ни се родија идеи како да ја подобриме и нашата работа. Видовме две големи компании коишто работат успешно и имаат голем број вработени".
Посетата на позитивните примери што ја организира МЦМС имаше за цел претставниците на локалните самоуправи да разменат информации и искуства со што би се олеснила нивната работа во нивните општина.



*За време на посетата на Винарската визба АК "Цумајлија"*

Органи и тела на МЦМС

# УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Македонскиот центар за меѓународна соработка во месец декември одржа две седници.
УО 11-тата седница ја одржа на 1 декември 2005 г. На оваа седницата УО ја одобри предлог-програма Кампања за мобилизација на фондови (КМФ); измената на програмата Фонд за стратешки иницијативи (ФСИ); измената на програмата Платформа на граѓанските организации (ПГО); измената на програмата „Водоснабдување и санитација на заедниците" (ВСЗ), 2004-2005, како и предлог-проектите: „Водоснабдување на с. Крушопек, СРЈ", бр.05-08 ВСЗ 107; „Бунар за водоснабдување на с. Милино, ЛЗВ, бр.05-08 ОЗИ 112; „Адресар на единиците на локалната самоуправа", бр.05-08 ОЗИ 302; „Чекор по чекор до успешна децентрализација", бр.05-08 ОЗИ 304; „Секретаријат на ГПМ", 05 10 ПГО 103; „Компаративни преводи", бр. 05-10 МСМ 302; „Подготовка на акциски планови", бр. 05-12 РМС 205; „Публикување акциски планови", бр. 05-12 РМС 301; „Мали проектни фондови", бр. 05 12 БНТ 105.

На 12-тата редовна седница на Управниот одбор одржана на 22 декември 2005 г. беше одобрена предлог-програмата „Локален развој на заедниците"; (2006-2008), завршниот извештај за програмата „Јакнење на женските невладини организации" (ЈЖН 2001 – 2004); беше верификуван проектот „Разменски посети" 05-12 РМС 204; измена на проектот Консолидација и развој на ПДАС Меѓаши, бр. 03 10 ЈСН 103; предлог-проектот „Согледување на можностите за мобилизација на ресурси", бр. 05 13 КМФ 103.
На истата седница беа одобрени и завршните извештаи за проектите „Водоснабдување на с. Бело Поле и Вранче" 05-08 ВСЗ 102; „Водоснабдување на с. Копаница" 05-08 ВСЗ 114; „Санација на претходно поддржани проекти", бр. 03-08 ВСЗ 119; „Претпроектни активности за санитација на с. Вевчани", бр. 05-08 ОЗИ 104; „Обука на земјоделски здруженија – фаза 2", бр. 05 10 ГКГ 205 и „Програмска поддршка на ЗНМ", бр. 03 10 СМР 102.

**Основач и издавач: МЦМС**

•Претседател на Издавачкиот совет: **Зоран Костов**

•Редакција на МЦМС Билтенот: **Сашо Клековски** (главен и одговорен уредник), **Гонце Јаковлеска** (одговорен уредник), **Даниел Медароски** (лектор)

•Дизајн: **КОМА** лаб. - Скопје

•Тираж: 1.100 примероци

•Печати: Печатница **„Борографика"** - Скопје

Според мислењето на Министерството за култура на Македонија бр. 08/1-4/354 од 21.03.1997 за публикацијата „МЦМС Билтен" се плаќа повластена даночна стапка. ISSN 1409-6072

